

# KNAUF STORY

Број 2, мај 2008

## Иднината се гради: Монтер за сува градба

## Дебарската кристална палата

## Интервју со Рихард Рок - Две децении, успешна приказна

## Кнауф партнери- Акустик Дизајн

KNAUF Newsletter




**Кнауф Радика АД - Дебар**
ул.8 Септември 66
1250 Дебар
Тел: 046 839 200
Факс: 046 831 650

**Канцеларија за продажба и маркетинг**
бул.Александар Македонски 66
1000 Скопје
Тел: 02 3235 750
Факс: 02 3235 760

www.knauf.com.mk

**KNAUF STORY** маj 2008

# СОДРЖИНА

Иднината се гради 4

Дебарската кристална палата 8

Кнауф системите во здравството 10

Референтен објект - Ремис 12

Интервју со г-дин Рихард Рок - Две децении, успешна приказна 13

Кнауф партнери - Акустик дизајн 14

Основни правила за монтажа на системите за сува градба 16

Архитектура за секого во Скопје- Биенале по 14 пат 18



**Knauf Story е newsletter на Кнауф во Македонија.**
**Редакција: Кнауф Маркетинг, бул. Александар Македонски 66 Скопје.**
**Членови на редакција: Роберт Смилески, Велимир Петровски, Тодор Деловски, Александар Николовски, Маја Сачмароска.**
**Фотографии: Роберт Смилески, Владимир Секуловски, Ремедика и КНАУФ фото-датотека.**
**Дизајн и подготовка: Република. Тираж: 3000 примероци**

www.knauf.com.mk

Со Knauf Story веќе по втор пат сме пред Вас. Ова е пролетното, второ и проширено издание.

Пролетта е време и меѓудругото за уписи во средните и високите училишта. Тоа е време каде треба да се разрешат дилемите: како да се продолжи патот во животот. Градејќи го пазарот ние во Кнауф се грижиме не само за задоволството на нашите купувачи туку и за нивната иднина.

Веќе 4-та година живее новиот образовен профил Монтер за сува градба во трите средни училишта: „Здравко Цветковски" во Скопје, „Никола Карев" во Струмица и „Нико Нестор" во Струга. Кнауф ја знае важноста на образованието за личниот, индустрискиот и општествениот развој. Во Македонија денес со монтажа се ангажирани околу 1000 монтери за сува градба, со помали и поголеми фирми. Ова е навистина еден прекрасен перспективен занает за кој постои голем интерес а и со кој може и добро да се заработи.

Уживајте во пролетта.

Со искрена почит,

Тодор Деловски,
Директор
Кнауф Македонија



# Иднината се гради

Македонското градежништво секогаш заземало важен сегмент од македонското стопанство. Долго време градежништвото од Македонија претставувало наше лице пред светската индустрија и технологија.

Со воведувањето и распространувањето на новите техники за градба и во Македонија, се наметна потребата за образување на нови кадри кои ќе го следат трендот и ќе го овозможуваат развитокот во градежништвото во чекор со светските тенденции.

Во современото градежништво, во новоградбите како и за преуредување на постојните простори е потребно брзо и квалитетно изведување на градежните зафати. Тоа е работа на монтерите за сува градба, кои користејќи гипсени плочи и метална потконструкција изработуваат преградни ѕидови, спуштени тавани и суви подови.

Потребата од повеќе образувани и вешти луѓе од овој профил стануваше итна. Кнауф не чекаше туку самите го потегнаа прашањето пред Министерство за образование и наука, како и пред Биро за развој на образование, како служба на Министерството директно одговорна за спроведување на новини во образованието.

Кон барањето од Кнауф се приклучи и ДСГУ Здравко Цветковски и силната иницијатива од страна на тогашниот директор Слободан Невенов и пред се на заменик директорот Јела Дугалиќ дојде до воспоставување на новото занимање „монтер за сува градба".

Согледувајќи ја потребата на нашето градежништво за вакви кадри, Министерството за образование и наука воведе ново занимање во средните градежни училишта „Здравко Цевтковски" во Скопје и „Нико Нестор" во Струга, каде преку тригодишно образование ќе се обучуваат монтери за сува градба. Со тоа и Македонија ќе се придружи на европските земји каде ова занимање се изучува веќе подолго време.

„Станува збор за занимање во кое се обединети практичната настава, теоријата и општото образование. Програмата е креирана врз основа на германската и австриската наставна програма, прилагодена на македонскиот образовен систем. Согласно реформите во нашето образование и позитивните европски искуства, во наставните програми се предвидени поголем фонд на часови за практична настава." – ни изјави директорката на градежното средно училиште во Скопје ДГСУ „Здравко Цветковски", г-ѓа Виолета Чурлинова.

Фирмата Кнауф е еден од иницијаторите за воведување на новото занимање. Во проектот е активен соработник на споменатите образовни институции уште од самиот почеток: Кнауф го пренесе своето искуство во креирањето на наставните програми; обезбеди обука на наставниците со посета на фабриката Кнауф Радика во Дебар; целосно опреми работилници за практична настава според теркот на австриските училишта. Исто така го донираше и неопходниот материјал и алат за работа, со што на учениците им се обезбедуваат современи услови за школување. Тука се и нагледни средства и учебни помагала за идните монтери.

„Проектот за новото занимање Монтер за сува градба е добар пример за соработка меѓу стопанството и образованието. Оваа соработка продолжува и понатаму: се предвидуваат стручни посети за учениците во фабриката во Дебар, практична дообука од страна на инструктори од Кнауф, натпревари каде учениците ги демонстрираат стекнатите вештини и знаења и други проекти. Најважно за идните монтери е можноста за брзо вработување, бидејќи нашето градежништво се соочува со се́ поголема примена на системите за сува градба и со недостиг на квалификуван кадар. Тука е и можноста за самовработување за кое не е потребен голем почетен капитал. Работата е добро платена, чиста и се одвива во добри услови ( во затворен простор). И понатаму постои интерес за запишување на ученици основци во нашето средно училиште. Деновиве привршува третата генерација квалификувани монтери за сува градба" – додаде директорката  Чурлинова.

Заменик директорот на ДГСУ проф. Мице Мицевски со посебен ентузијазам ни ја објасни историјата и развојот на училиштето и посебно









насоката за монтери за сува градба. „Пред 4 години воведовме нов образовен профил. Сметавме дека експанзијата  во монтажната градба во светот ќе дојде и кај нас. Со тоа внатрешните ѕидови ќе се заменат со нов тип на градба - сува монтажна градба, т.е. Кнауф плочи. Една генерација комплетно заврши и сите завршени се веќе вработени. До сега во нашето училиште се запишуваа по една паралелка на македонски и на албански наставен јазик. Се надеваме така ќе биде и следната учебна година. Голем придонес во квалитетната едукација на учениците од овој профил направи донацијата на работилницата со сите пропратни елементи која беше остварена под покровителство на Кнауф. Кога надвор не може да се работи, истата таа работилница освен за обучување за пракса се користи и за извршување на самата пракса внатре.

И родителите и учениците не го познаваа овој профил. Имаше малку презентација на овој тогашен новитет во јавноста. Но веќе по втората година започнавме со презентации на оваа насока и нашето училиште по основните училишта со слајдови и други пропагандни материјали (флаери и сл.). Со тоа значително се подобри комуникацијата со нашите потенцијални ученици.

Праксата како значаен сегмент од образованието на профилот монтери за сува градба се извршува на разни објекти каде во даден момент се вршат соодветни активности во градбата. Објектите се обезбедуваат со помош на разбирањето на одредени луѓе кои ја увидоа важноста на целиот тој проект. Работодавците за пракса се и идни потенцијални вработувачи на учениците. И тука фирмата Кнауф ни излегува пресрет во изнаоѓањето на објектите каде би се вршела праксата. Овој профил дава можност за убава заработка во иднина. Работата е иновативна, работниците работат во чиста околина и се облечени во бело, како доктори! Работната сила се цени и во просек вработените во оваа професија заработуваат и по 2-3 € за квадратен метар!”

дги. Соња Стефановска, професор по стручни предмети.

Освен како професор по стручни предмети професорката Стефановска држи и практична настава на насоката Монтери за сува градба. Таа смета дека оваа насока речиси би била невозможна за реализација без помошта на фирмата Кнауф со надгледни средства како гипсени табли, штрафови и сл, како и со разни печатени материјали кои се користат при наставата. За учениците од втора година вели дека се вклучени во разни практични задачи во рамките на програмата за пракса, но веќе студентите од третата година се способни да изведуваат комплетно одредени задачи.




Die Schüler, die Lehrer und der Schuldirektor sprechen über die Geschichte, die Gegenwart und die Zukunft der Trockenbaumontageabteilung in ihrer Schule in Skopje. Die Anfrage für dieses besondere Profil der Monteure befindet sich im Wachstum in Makedonien. Dieser  Beruf spricht die Schüler aus dem Grund an dass er gut bezahlt ist, innovativ ist, sauber  ist  und gute Perspektiven für die Gründung ihrer zukünftigen kleinen Privatunternehmen für die Montage von Trockenbausystemen gibt.

The students, the professors and the school directors talk about the history, the present and the future of the Drywall Construction Department in their school in Skopje. The demand of this particular profile of constructors is in rise in Macedonia. It attracts the students because the profession is well paid, innovative, clean and gives good prospects for establishing their future private small enterprise for drywall constructions.

**Предности на професијата Монтер за сува градба:**

• Чиста работна околина
Затоа што сите работи се изведуваат на суво.
• Пријатни услови за работа
Работите се изведуваат најчесто внатре, во затворени простории каде може да се покаже креативност и флексибилност
• Можност за работа во текот на целата година
Активностите околу градењето со сува градба не е зависна од временските и сезонските услови и може да се изведуваат во текот на целата година.
• Почит помеѓу другите градежни професии
• Добра заработувачка
Во Македонија и насекаде во светот.
• Можност за вработување веднаш после дипломирањето
Има недостиг на стручни луѓе од оваа градежна гранка.
• Можност за отворање сопствен бизнис во иднина





дги. Жанета Димитриевска, професор по практична работа.

Професорката Димитриевска предава во повеќе насоки во Градежно Училишниот Центар. Но забележала разлика во насоката Монтер за сува градба. За учениците од таа насока има мислење дека тие се ученици кои уште млади знаат точно што сакаат за себе во иднината. Тоа е за пофалба бидејќи на таа возраст не е лесно да се донесе ваква одлука со која се зацртува нивниот иден професионален живот. „ Учениците кои се на т.н. Кнауф насока т.е. насоката на монтери за сува градба веќе при крајот на образовниот процес добиваат понуди за работа од струката и околу ова добиваме значителна поддршка од Кнауф. Да се има речиси загарантирана работа после самото завршување денес во Македонија е навистина бесценето нешто и реткост! “

Интересна анегдота за која зборуваа професорките Димитриевска и Стефановска е еден настан кој се случил во минатото. Имено, при еден колективен штрајк на вработените во училиштето учениците што требало тој ден да бидат на редовната практична настава не отишле на објектот каде оделе по налог на професорите по практична настава. Во управата на училиштето се јавиле некои од работниците на градилиштето и ги барале неколкуте ученици да дојдат да им помагаат околу работите со сува градба. Очигледно тие се биле навикнале на помошта од учениците, што и укажува на фактот колку брзо учениците можеле да навлезат во занаетот и да станат дел од тимот на градилиштето!



Илија Јовановски, II година

*„Татко ми работи во бизнисот со сува градба веќе 15 години. Му помагав понекогаш кога работеше, му подавав алати и сл. Посебно преку лето кога се има повеќе време. Видов дека во таа работа има пари и решив и јас да го научам занаетот и да го продолжам бизнисот на татко ми.”*

Илија Лефковски, II година

*„Оваа професија ја одбрав по препорака од мој добар другар – постар ученик од истата насока. Освен тоа, работата ме интересира, не ми е досадна и воопшто не се каам. Во иднина можно е да работам со мојот соученик Илија, но би сакал можеби понатаму да отворам и сопствен бизнис.”*





# Дебарската Кристална Палата

*Посета  на рудникот за гипс на Кнауф*

Се разбуди Индијана Џонс во нас. Ставаме шлем, земаме неколку рачни светилки и тргнуваме во утробата на земјата.  А таму не чекаше спектакл! Она што е наш бизнис, гипсот, во Дебарскиот стар рудник изгледа блескаво и го магепсува секој посетител...

Рудникот на Кнауф пред Дебар, кај с. Рајчица, следува после Мелнички Мост ако се доаѓа од Скопје. Сместен е удобно во прегратките на планината Дешат и ги знае сите негови тајни. Тој е 520 м долг, а во средината некаде 30 м широк. Ако се земе патот пред с. Рајчица, како референтна височина, тогаш всушност рудникот се наоѓа некаде на 90 - 200 м длабочина.

Отворен е за редовна експлоатација во 1962 г. иако истиот е многу постар, затоа што има и друг отвор во близината кој датира од Римско време. До пред 3-4 години таму имало активно ископување на гипс, а сега акцентот е ставен на површинските ископувања во самата близина на овој рудник. Според испитувањата на ГеоМаврово во 1993г во рудникот има уште доста резерви и по хоризонтала и по вертикала.

Гипсот таму се јавува во три форми: алабастер, анхидрит и кристалот –селенит или Marienglass, (богородично стакло).

Чистотата на гипсот тука, како што вели Рефик Имами, нашиот водич е „четири деветки" т.е. 99,99%. Термалната вода,  влијаела да се формира оваа цврста и чиста форма на кристал. Во гипсените наслаги нема многу јаловина и од таму се вадат чисти и големи парчиња и до 10м. Рефик Имами има информација дека ваков сличен рудник со овој квалитет и чистина (белина) на гипс во светот имало само во Мексико.

Во рудникот има постојано вработен на Кнауф, но засега не се дозволени ненајавени посетители. Сепак, и на овој начин во 2007г. рудникот го посетиле околу 800 соработници, партнери, студенти и ученици. Рудникот навистина има потенцијал да стане своевидна туристичка атракција за што и се размислува во Кнауф. Реализацијата не би била тешка тука веќе има добри услови за поголеми посети. Нема потреба од безбедносни греди во рудникот- самиот кристал е толку



Wir haben einige Helme aufgesetzt, einige Handbatterien genommen und sind geradeaus in die Erde hineingegangen. Die Gipsmiene in der Nähe von Debar, wo Knauf den Gips ausbaut,  ist ein magischer Ort, voll mit transparenten Kristallen, die wie Diamanten leuchten. Auch der Herr der Ringe würde uns, auf unserem Präsentanz in dem Königsreich der großen weißen Kristalle, beneiden.

We put on the helmets, grabbed several torches and headed on towards the inside of the earth. The gypsum mine near Debar, where Knauf extracts the gypsum is a magical place full of transparent crystals that shine like diamonds. Even the Lord of the Rings would envy us for being present at that kingdom of big white crystals.

заплеткан во мрежа, што самиот по себе формира природна целина погодна за посета. Не постојат опасни гасови и досега никогаш немало инциденти. Единствено би се поработело на амбиенталното светло во интересни бои, а има и други интересни идеи кои можат да се применат за да овој рудник стане голема туристичка атракција не само за  Македонија, туку и пошироко за овој дел од Европа.

Посетата на Дебарската Кристална Палата (како што го нарековме рудникот воодушевени од тоа што го видовме) беше вистинска авантура. Во дамарите на македонските планини се кријат многу природни богатства од кои луѓето наоѓаат своја егзистенција од дамнина. Барем, за среќа, за ова богатство знаеме многу и се гордееме што можеме да Ви го претставиме во целиот негов сјај. На ваква наша Кристална Палата би ни позавидел дури и Господарот на Прстените...

**Роберт Смилески**





*Хемиски состав:*
*Калциум Сулфат CaSO4·2(H2O)*










# Кнауф системите во здравството

Здравството во светот е сé повеќе заинтересирано за темата Здрав Хабитат и градење одговорно, со здрави и квалитетни материјали. И во Македонија, првата приватна општа болница Ремедика си постави за цел високи стандарди во здравството, за доброто на сите нас. Тука спаѓаат и одбирање на проверени, нови и реномирани производувачи на градежни материјали и системски решенија, како што е Кнауф. Имено над 90% од целата болница е изведена со Кнауф системите за сува градба.

По влегување во болницата се забележува веднаш инаквоста –модерни ентериерни решенија, современа технологија од светски производители, љубезен персонал, внимателно избрендиран простор во препознатливите портокалови тонови. И рационално искористен простор без да влијае на просторноста на амбиентот.

И сето ова овде, на интимна локација, а сепак на само неколку километри од самиот центар на Скопје.

Ме дочекаа срдечно г-ѓа Елица Јорданова, престедателот на бордот на Ремедика, како и г-дин Благоја Марковиќ, архитектот и надзорот при поголемиот дел од изградбата на болницата.

„Идејата за ваква инвестиција во Македонија – отворање на општа приватна болница потекнала од актуелната состојба на здравството во Македонија.  За разни здравствени потреби се одело надвор што секако бил потфат за што е потребно доста време и финансиски средства. Станувало збор за немање избор во нашето здравство. За нивото на услуга во јавните болници зборувано е многу: услугата и достоинственоста во односот кон пациентот во Ремедика е императив“.

Одлуката да применат повеќе системи на Кнауф во болницата била донесена во комуникација со експертите од градежништвото, а со намера да се применат најнови и современи начини на градба. Исто така императив бил и градењето да биде со поголема брзина, лесно, ефикасно и чисто. Се избегнало градење на нови ѕидови со цигли и нанесување на малтери бидејќи било покомплицирано и поспоро. Друга многу важна работа која одела во прилог на употребата на методите на сува градба бил пристапот до разните нови инсталации што се воведувале во болницата – поставувањето на електрични, телекомуникациски и други инсталации било значително олеснето, но и практично за во иднина во смисла на достапноста до иститe. ‘Згора на сé и естетиката ги задоволуваше сите наши очекувања; сега насекаде имаме идеално рамни ѕидови кои ние после инспирирани ги обоивме во различни бои на секој спрат... “

Применети се различни Кнауф системи: ѕидни облоги; преградни ѕидови; Кнауф W112 за ѕидови меѓу болничките соби; Кнауф W115 како ѕид кај операционите сали; противпожарни Кнауф ѕидови за издвојување на ПП-секторот; спуштени тавани... И секако Кнауф системите за заштита од рентген зрачење со кое е изведена целосна заштита на одделот за мамографија.

„Едноставно ова е инвестиција во хумана насока што нé прави посебно среќни“, изјави г-ѓа Јорданова на разделбата.

Им посакуваме многу успех.

**Роберт Смилески**

**Инвеститор:**

Репро 21

**Кнауф партнери:**

Акустик дизајн
Нико гипс

**Надзор:**

Благоја Марковиќ





Remedika ist das erste private Allgemeinkrankenhaus. In diesem Krankenhaus wurden, für die Wände und Decken,  zu 90% Materialien angewandt,  welche verschiedenen Systeme von Knauf Gipsplatten darstellen.

Remedika is the first privately owned general hospital. In this hospital 90% of the materials used for the walls and ceilings are the different systems of Knauf gypsum boards.



Во станбено деловниот објект на Ремис во Скопје се во тек завршните работи. Кога треба да се малтерисаат големи објекти, како економично решение се нудат машинските малтери Кнауф MP75 и Кнауф MP75L .

Овде е употребен готовиот фабрички малтер MP75, кој во еден слој се нанесува на ѕидовите. Малтерот MP75 се нанесува рамномерно со машина за машинско малтерисување, на пример PFT-G4/G5.

Модерната машинска техника овозможува беспрекорен и непрекинат тек на малтерисување и одлична компактност на површината. Лесната обработливост ги прави подобни и за големи и специфични површини.






**Инвеститор:**
**Ремис Охрид**




**Локација:** Скопје
**Идеен проект:**
ИНПУМА
**Изведбен проект:**
Пелагонија проект дооел Скопје
**Главен изведувач:**
Гранит Скопје
**Кнауф соработник:**
Алуматек - Стојковски Ѓоко
**Кнауф партнер:** Гипсар
**Површина покриена со Кнауф малтер:** 30.000 м2
**Употребен малтер:** MP75, машински глет малтер
**Количина употребена:** 350.000 кгр.



# Две децении, успешна приказна

*Интервју со г-дин Рихард Рок (Richard Röck)*

**Од кога датираат Вашите почетоци во Кнауф?**
Од 1975 до 1977 бев раководител на одделение во фирмата Коркштајн, а и трговец на големо за Кнауф системите. Во 1977 се префрлив фо фирмата Кнауф.

**Кога почнува Вашиот интерес и соработка со Македонија?**
Во 1989г. ја посетивме старата фабрика РАДИКА и договоривме „Писмо на намери" за да можеме да го купиме ова претпријатие. Со распаѓањето на поранешна Југославија во 1991г. помина некое време додека повторно го воспоставивме контактот со РАДИКА. Во 1997г. можевме да ја реализираме купопродажбата на ова претпријатие. Паралелно со тоа, во 1994г. го основавме претпријатието Кнауф ДООЕЛ Скопје и за македонскиот пазар испорачувавме Кнауф гипскартонски системи од нашите фабрики во Австрија и Грција. Тоа беше така затоа што во почетокот заради нискиот квалитет, РАДИКА гипскартонските плочи беа прилично лоши за имиџот на Кнауф.

**Како се развиваше Кнауф во Македонија во последните 15 години?**
Со осамостојувањето на државата Македонија и енормната потреба за канцеларии и станови, нам ни успеа нашите КНАУФ системи да ги интегрираме во пазарот на побарувачката. Тоа како и претходно одеше многу полека поради тоа што имавме многу работа на убедување на планерите и инвеститорите.

**Имаше ли предизвици на патот на тој развој и кои беа најголемите?**
По почетокот на инвестицијата силно се конфронтиравме со состојбата на персоналот, каде моралот за работа на поранешните работници достигнуваше само 50% од нивниот капацитет. Со плаќањето на вработените по западно-европски стандарди и комплетното преструктуирање на водечките луѓе, успеавме перформансите на вработените да ги зголемиме на 90%. Ова беше од животно значење за претпријатието , затоа што сепак, 80% од производството во Кнауф во Македонија се извезува во странство и ние моравме да се приспособиме на интернационалниот пазар на цени.

**Што е тоа што Кнауф го направи во Македонија, на што сте посебно горди?**
За мене лично беше многу важно младите луѓе да се воодушеват од професијата „Монтер за сува градба". И нам тоа ни успеа – во градежните училишта во Скопје, Струмица и Струга ја интегриравме таа професија. Таму денес се образуваат за тој профил над 100 ученици.
Со таа инвестиција што ја направи Кнауф можевме не само да осигураме 200 работни места во фирмата Кнауф, туку и преку трговските и монтажерските фирми и добавувачи денес со Кнауф-системите во Македонија се занимаваат преку 2000 луѓе.

**На 7 март 2008г. ја добивте почесната титула Бергмански мантил (Bergmannskittel) од асоцијацијата Bergmännische Vereine. Што таа претставува?**
КНАУФ работи преку 70 години и својата стратегија секогаш ја гледал во три области:
• Ископ на руда со истражување и развој;
• Производни погони со најмодерно техничко Know-How;



• Организација на продажбата, која ќе е во состојба произведените системи исто така да ги продадат на пазарот.
Овие три темели се неопходни и единствени за да може да се здобиете со титулата Бергмански мантил (Bergmannskittel)

**Кои се плановите за во иднина?**
Да се спроведат натамошните инвестиции за да се осигура понатамошното постоење на фабриката во Македонија.

**После толку време поминато на овие простори од Југоисточна Европа дали може да се каже дека веќе во Вас голем дел се чувствува како дел од овие луѓе и овие простори?**
После скоро две децении поминати во Југоисточна Европа можам да се сеќавам на успешната работа. Тоа беше возможно само затоа што ги најдов вистинските луѓе, кои заедно со мене ги разбраа моите и интересите на КНАУФ и истите заедно ги реализиравме.

# КНАУФ партнери-АКУСТИК ДИЗАЈН

**Лична карта на Акутик Дизајн.**

Основана 1993г. Почнува како монтажерска фирма. Забележува брз раст и во еден момент има околу 60 вработени. Неминовна била поделба на две фирми под ист покрив: Акустик Дизајн Трговија и Акустик Дизајн Монтажа. Во моментов располагаат со две продажни места и тоа едно во Пинтија, на ул. Првомајска и уште едно во Автокоманда на бул. Александар Македонски. Од Акустик Дизајн Монтажа пак се создадени 10-тина нови монтажерски фирми со кој факт тие се гордеат и кои фирми се всушност создавачи на успехот. И оваа година во план е создавање на неколку нови монтажерски фирми.

**Соработка со Кнауф.**

Наш соговорник е г-дин Оливер Каранфиловски, сопственик на Акустик Дизајн Групацијата. Фирмата имала соработка со фабриката за гипс Радика во Дебар уште од самиот почеток. Работејќи со гипсените градежни материјали при вршење градежни работи во Етнолошкиот Музеј во Скопје, пред влегувањето на Кнауф на македонскиот пазар нарачувале Кнауф материјали од Амфилохија, Грција, како и од Австрија. По отворањето на канцеларијата на Кнауф во Скопје, посебно по превземањето и обновата на фабриката Кнауф Радика, соработката неминовно се зајакнала. „Визијата на Кнауф, со својата позитивна енергија само ги засили врските и сега нашето партнерство е столб на нашиот бизнис. Околу 90% од нашата трговија е со Кнауф производите".

**Референтни објекти.**

Листата навистина е огромна. Од хотели, банки, амбасади и министерства, до комерцијални и деловни и станбени објекти. Вреди да се споменат неколку по име: хотелите Александар Палас со 20.000 м2 гипсени плочи, Холидеј Ин, Бест Вестерн и други хотели во Скопје, Маврово и Охрид; потоа Стопанска Банка, Автосалоните на Мерцедес, Пежо и др; Управната Зграда на Кнауф во Скопје, МАТ, Ремедика, Систина,







Референтен објект - Хотел Александар Палас





Соравиа центарот, многу продавници во Рамстор итн.

**Зошто Вашите купувачи Ве одбираат Вас како партнер во изградбата? Има ли клуч за Вашиот успех?**

Годините нé направија специјалисти во овој бизнис. Нашата фирма не е само трговска, туку ние ја продаваме целата идеја, без разлика дали продаваме решенија за малтер или за сува градба. Освен тоа имаме добра логистика а тука сме да дадеме и други технички решенија од оваа бранша. Од нашата фирма излегоа неколку успешни помали монтажерски фирми со кои ние не само што се гордееме, туку тие се и наши порачувачи на нов материјал т.е купувачи. Ние веруваме во знаењето на старите мајстори во оваа фела, но уште повеќе веруваме во силата и идеите на свежата крв, одразена токму преку тие нови монтажери.

**Визија за Вашиот бизнис во иднина?**

„Пред 6 месеци, заедно со компанијата Мега од Куманово купивме земја за градење на заеднички голем маркет за градежништво на бул. Првомајска. Веќе во блиска иднина очекуваме во Македонија да биде време на помодерна продажна мрежа за градежни материјали, што не е тренд, туку стандард во Европа и светот со децении. На тие т.н. баумаркети ќе




може да се најде се што на човек може да му затреба при градба и санација за дома, но и за големи градежни потфати и за поголеми фирми."

**Какви се Вашите видувања и прввични искуства за новата програма на Кнауф Баумаркт (Направи Сам)?**

Баумаркт (или Направи сам) - односно програмата за градежна хемија, се произведи за широка потрошувачка. Со неа од неодамна на македонскиот пазар може да се набават сосема нови инвентивни решенија за секого - градежни материјали за се што се вградува во домовите, средства за чистење и нега на поплочени површини од секаков тип на плочки, материјали за репарирање и санација, и други средства. Со ова веќе се заокружува комплетната понуда на Кнауф од градба до санација и одржување и негување. Секоја новост на пазарот на почетокот е потешко да се прифати и луѓето се скептични, но кога тие ќе се уверат во супериорниот европски квалитет, побарувачката се зголемува сама по себе.

**Градежништво во Македонија денес.**

„Во Македонија имавме период на стагнација во градежништвото повеќе години, но сега некако се тргнува полека и сме оптимисти дека експанзијата ни следува наскоро."

Die Fa. Akustik Dizajn, eine der Top 10 Knauf Partner, wurde im Jahr 1993 gegründet. Sie hatte ein schnellen Wachstum und jetzt ist Akustik Dizajn eine Gruppe von zwei Unternehmen: Akustik Dizajn Trgovija, welch sich mit dem Verkauf von Baumaterialien beschäftigt und Akustik Dizajn Montaza , die in der Montage spezialisiert ist.

Akustik Dizajn company, one of the Top Ten KNAUF partners was founded in 1993. It had a rapid growth and Akustik Dizajn now is a group of two companies: Akustik Dizajn Trgovija which deals with sales of building materials and Akustik Dizajn Montaza which specializes in installation.

# ОСНОВНИ ПРАВИЛА ЗА МОНТАЖА НА СИСТЕМИТЕ ЗА СУВА ГРАДБА

*Почитуван читателу, во наредните неколку продолженија ќе се обидеме да ги издвоиме основните правила за монтажа на системите за сува градба, кои се резултат на долгогодишното искуство на Кнауф и кои според наше согледување се подеднакво важни како за изведувачите, така и за надзорните органи.*

За квалитетот на системите за сува градба подеднакво важна улога играат својствата на вградените материјали и нивното правилно вградување.

Правилната, односно квалитетна монтажа, освен тоа што го гарантира исполнувањето на градежно-физичките и механички карактеристики на системите, придонесува и за брзо и рационално завршување на градбата.

Ќе се обедиме во неколку продолженија да ги издвоиме основните правила за монтажа на системите за сува градба, кои се резултат на долгогодишното искуство на Кнауф и кои според наше согледување се подеднакво важни како за изведувачите, така и за надзорните органи.

**1. СПУШТЕНИ ТАВАНИ**

**Потконструкција**

1. Потконстукцијата за спуштен таван секогаш се изведува како двојна потконструкција од носиви и монтажни CD профили.

2. Растојанието меѓу CD профилите се одредува според тежината на таванот и зависи од: дебелината на гипсените плочи, бројот на плочи, ев.изолација или очекувани товари.

3. Растојанието помеѓу CD профилите е таблично дадено во технички лист D11 и за вообичаен таван (единечна плоча 12,5мм) изнесува: за носивите профили 100цм, а монтажните 50цм.

4. Граничните U-профили во околните ѕидови се прицврстуваат со соодветни типли / растојание на прицврстување е 1м.

5. Потконструкцијата се прицврстува на постоечкиот таван со жици со увце и анкер држачи. Кај поголеми тежини на тавани, отпорност на удар со топка или противпожарни барања се користат нониус држачи.

6. Жиците со увце (жици за спуштање) мора да бидат фиксирани со примена на атестирани завртки за бетон /нпр. Кнауф челичен сидрест клин/ или други пропишани сретства за прицврстување зависно од материјалот на носивиот таван.








7. Фиксирање на жиците со увце во бетонски таван се изведува исклучиво со Кнауф челичен сидрест клин. Примена на пластични типли не е дозволена заради слабата носивост и во случај на пожар пластиката се топи и таванот може да падне .

8. Осното растојание меѓу жиците со увце изнесува 90цм и треба да се намали доколку тежината на таванот се зголеми.

9. За должини >1,5м жиците со увце може да се наставаат со Кнауф двоен федер. Користењето на несоодветни жици за спуштање може да предизвика слегнување на конструкцијата, денивелација и пукање на таванот.

10. Елементите за поврзување на CD прифилите (анкер држачи и крстести спојки) се сидрести елементи чии радиуси се прилагодени на радиусот на CD-профилот. Секоја комбинација на профили и елементи за поврзување од разни производители е нестабилна и може да доведе до откачување и паѓање на таванот.

11. Наставување на CD профилите се изведува исклучиво со соодветна спојка за CD профили.

**Обложување**

1. Минималната дебелина на плочите за спуштени тавани е 12,5 мм.

2. Кружни ѕидови може да се изведат со плочи од 6,5мм и 9,5мм.

3. Плочите се поставуваат нормално на монтажните профили.

4. Челните споеви на плочите секогаш се изведуваат под монтажниот CD профил.

5. Челните состави на два соседни реда плочи поместени најмалку за 40цм. Крстест спој меѓу плочи не е дозволен, освен кај перфорирани плочи.

6. Плочите ги шрафиме така што прво ќе завршиме со шрафење на еден профил и потоа преоѓаме на друг.

7. Растојание на шрафење е 17цм; при повеќеслојно облагање може растојанието на шрафовите да се утростручи ако шрафењето на 2.слој се изведува истиот ден.

8. Прво ги фугираме/исполнуваме сите челни состави на плочите, а потоа надолжните состави.

9. Кај повеќеслојно облагање потребно е да се исполнат и споевите од првиот слој плочи.

10. Не се препорачува шрафење на плочите во UD профилите кои се фиксирани на околните ѕидови; на тој начин таванот „работи" независно од објектот и се избегнуваат можни пукнатини.

11. Не се препорачува користење на парчиња плочи помали од 0,5м2.

**Останати правила**

1. Спојот на гипсениот таван со масивен ѕид треба да биде изведен како „разделен спој" (како и сите споеви меѓу два различни материјали).

2. Продори на столбови во гипсениот таван не се бандажираат туку се изведуваат со „разделен спој".

3. Изведба на дилатации е неопходна за должини на ѕидови поголеми од 15м и на места каде конструктивниот дел од објектот има дилатација.

4. На спуштениот таван е дозволеноi дополнително прицврстување на товари и тоа: единечни товари до 3кг директно на плочата, односно единечни товари до 10кг директно во потконструкцијата. Товари потешки од 10кг треба да се прицврстат на носивиот таван.







# Архитектура за секого во Скопје, биенале по 14-ти пат

Вкупно 28 настани се одржаа за време на биеналето на македонската ахитектура во Скопје во текот на месец март. Меѓу изложбите, презентациите, промоциите и предавањата беше присутен традиционално и Кнауф. Овој пат тоа беше презентација на тема **Здрава клима и висока естетика**, каде се претставивме со нашите готови малтери, за мазни и чисти површини без пукнатини...











# Саем за градежништво Скопје, 2008

Од 4 до 8 Март 2008 се одржа 29-тиот саем за градежништво. Во првата хала Кнауф се претстави со свој штанд каде беа изложени нашите системи за сува градба, готовите малтери како и новитетот за оваа година, нашата нова Кнауф Баумаркт (Направи Сам) програма.

Овој пат нашето претставување одеше под паролата - Кога последен пат имавте можност да ѕирнете во сегашноста и иднината на градежништвото?




Градење со Кнауф

Повеќе простор и побрзо вселување... за пониска цена

Модерното градежништво бара квалитетни, лесни и брзи техники на градење со кои се постигнува висок квалитет на градба. Кнауф ви нуди рационални градежни системи, кои се прилагодени на ѐ повисоките барања на модерното време.
Ќе ви го претставиме Кнауф преградниот ѕид на потконструкција од метални про фили, обложени со Кнауф плочи во два слоја и помеѓу нив исполнети со минерая на волна. Ѕидот се одликува со одлична звучна и топлотна заштита и претставува испробано решение за преградување во секој дом.
За илустрација е прикажана споредба на Кнауф преградниот ѕид со најчесто користениот преграден ѕид кај нас - малтерисан ѕид од шуплив керамички блок. Овој ѕид на Кнауф е пет пати полесен и за 7cm потесен од соодветниот класичен ѕид. Заради малата широчина на Кнауф ѕидовите ви останува многу повеќе корисен простор. Доколку во вашиот дом има околу 20m ѕидови, ако ги изведете со Кнауф ќе ви останат дополнителни 1,4m² корисна површина!
Со Кнауф нема заостаната влага која најчесто се јавува кога објектите се градат со масивна ѕидарија, туку истите брзо се завршуваат и се вселуваат.

| Ѕид од | Звучна заштита (Rw) | Топлотна изолација (Rt) | Широчина на ѕид (d) | Тежина на 1м² ѕид | Време на изведба |
|---|---|---|---|---|---|
| Шуплив блок | 36 dB | 0,67 | 170 mm | 222 kg | 3,35 h/m² |
| Knauf W112 | 48 dB | 1,75 | 100 mm | 49 kg | 1,1 h/m² |




www.knauf.com.mk



КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ
бул.Александар Македонски 66 1000 Скопје
тел: 02 3235 750 факс: 02 3235 760

info@knauf.com.mk

www.knauf.com.mk

Фирмата Gebr. Knauf Westdeutsche Gipswerke, Iphofen, основана во 1932 година, денес е една од водечките светски производители на градежни материјали со преку 150 фабрики во повеќе од 40 држави во Европа, Азија, Северна и Јужна Америка.

Производите на Кнауф-Радика се изработени во согласност со светските норми. Квалитетот на производите се следи со постојана внатрешна контрола (контролна лабораторија) и од страна на надворешни акредитирани институции (Магистрат на градот Виена, Институт за градежна биологија-Розенхајм, Технолошко-металуршки факултет-Скопје).

Во Кнауф-Радика, уште од формирањето, во сите сегменти на работењето се спроведува активно управување со квалитетот. Доказ за тоа е сертификатот за управување со квалитетот според EN ISO 9001:2000.

**Кнауф Радика АД - Дебар**
ул.8 Септември 66
1250 Дебар
Тел: 046 839 200
Факс: 046 831 650

**Канцеларија за продажба и маркетинг**
бул.Александар Македонски 66
1000 Скопје
Тел: 02 3235 750
Факс: 02 3235 760